РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-446/5
16-09-2020 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на членот 22 и членот 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.12/19,), и член 40 став 1 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител (анонимна пријава) на трето продолжение на 38-та седница одржана на 14.09.2020 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот со број 12-4609/1 од 03.10.2019 година оформен по пријава од непознат подносител (анонимна пријава) доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата, **СЕ ЗАПИРА**.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметот со број 12-4609/1 од 03.10.2019 година, поради тоа што по извршени проверки и утврдената фактичка состојба, утврдено е дека наводите во пријавата се непотврдени.

Предметот со број 12-4609/1 од 03.10.2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

### Образложение

Предметот со број 12-4609/1 од 03.10.2019 година е оформен врз основа на добиена пријава од непознат подносител (анонимна пријава).

Во пријавата се наведуваат наводи за сомневање за незаконитости поврзани со работењето во Домот за култура ----------------------- за време на Директорот на Домот ---------------------, како и сомневања за незаконитости поврзани со "сомнителни проекти" одобрени од Министерството за култура, ненеменското трошење на финансиски средства за патувања и други активности од директорите на Домот, ---------------- и ВД Директорот ---------------------.

Со цел проверка на основаноста на наводите во приајвата и утврдување на фактичката состојба во конкретниот случај, ДКСК достави Барање за прибирање на податоци и информации со број 12-446/1 од 22.02.2020 година со кое побара од Министерството за култура во рамките на своите законски надлежности да ги провери наводите во пријавата.

Од Министерството за култура во законски утврдениот рок беше доставен одговор со придружна документација по барањето на ДКСК.

При разгледување на предметниот случај, Државната комисија за спречување на корупцијата ги зема во предвид предметните наводи и прибавените податоци од други надлежни институции, при што го утврди следното:

- Од страна на инспекторите за култура при Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура бил извршен вонреден инспекциски надзор на работењето на ЈОУ Дом за култура ---------------------. Во Записникот од извршениот инспекциски надзор Ип1 бр. 57-9 од 11.02.2020 година било констатирано дека преведените средства од Буџетот на РСМ преку Министерството за култура во вкупен износ од 440.800,00 денари (од коишто 289.800 ден. во 2018 год., а 151.000 денари во 2019 година) за реализација на проектите на Домот на културата од национален интерес во културата од областа на повеќе дејности во 2018 и2019 година, како и за 2017 година се потрошени наменски, при што проектите во целост се реализирани и истите се во согласност со оперативните и финансиските планови за реализација на проектите, односно за користење на буџетски средства.
- Во Записникот е констатирано дека за финансираните проекти било постапено и во согласност со обврската од член 68 став (3) од Законот за култура, во рок од еден месец сметано од завршување на проектите до Министерството за култура да биде доставен извештај за реализација, кој содржи наративен приказ за реализација на проектот, спецификација за вкупно потрошените средства, договори, сметки, фактури, и други придружна документација, кои извештаи биле доставени за сите проекти од страна на директорите на домот.
- Во однос на наводите од пријавата за "најсомнителни проекти" одобрени од Министерството за култура на ----------------- и ---------------------, од увидот во приложениот Записник Ип 1 бр. 56-58 од 31.05.2016 година од извршен вонреден инспекциски надзор во Здружението ------------------- било утврдено дека наменски се искористени средствата во износ од 260.000,00 денари за три проекти од областа на музичката и музичко- сценската дејност.

Врз основа на погоре утврдената фактичка состојба, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека во конкретниот случај постапиле други надлежни органи (Секторот за управен и инспекциски надзор при Министерството за култура) кои во рамките на своите надлежности преземаат процесни дејствија согласно закон, ја утврдиле фактичката состојба при што утврдиле дека преведените средства од Буџетот на РСМ преку Министерството за култура за реализација на проектите на Домот на културата од национален интерес во културата од областа на повеќе дејности во 2018 и2019 година, како и за 2017 година се потрошени наменски, при што проектите во целост се реализирани и истите се во согласност со оперативните и финансиските планови за реализација на проектите, односно за користење на буџетски средства. Оттаму ДКСК констатира дека наводите во пријавата се непотврдени, поради што елементи за нејзино натамошно постапување во предметиот случај.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

По заклучок на седница на ДКСК
Изработил: м-р Ирена Поповска
Одобрил: Софка Пејовска Дојчиновска, член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**Софка Пејовска Дојчиновска**